# ЗАПИСНИК
## од 7-та седница на Советот
## одржана на 19.04.2010 година

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, акад. Али Алиу, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** акад. Бојан Шоптрајанов (најавено отсуство).

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Емилија Петревска - Камењарова, Борче Маневски, Магдалена Давидовска – Довлева и Хари Митрикески - Клекачкоски.

**Други присутни:** Илир Ајдини, Предраг Димитровски од весникот Дневник.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи да биде одложена точката 2: "Избор на нов Заменик на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ. "

Потоа збор побара членот на Советот, Томе Груевски. Тој најпрво рече дека во изминатите четири години имал прекрасна соработка и добри односи со Илир Ајдини, му се заблагодари на Илир за се што направи за Советот за радиодифузија и рече дека се надева дека и понатаму ќе бидат уште подобри другари и пријатели. Му посака многу успех во иднина во ангажманите што ќе ги има и рече дека Илир секогаш ќе биде од исклучителна корист во Советот за радиофифузија. Потоа, во однос на предложениот дневен ред, рече дека смета дека Точката 1: "Констатирање на разрешувањето на Заменикот на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, поради истекот на времето за кое е избран" не треба воопшто да биде ставена на дневен ред, затоа што мандатот на Илир Ајдини истекол на 18-ти април и со тоа е завршена приказната. На тоа реплицираше Претседателот Стефановски кој рече дека согласно член 28 од Законот за радиодифузната дејност, треба да се констатира разрешувањето на Заменикот на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, поради истекот на времето за кое е избран. Членот на Советот, Томе Груевски побара правно толкување на Стручната служба на Советот, па Раководителот на Стручната служба Андриана Скерлев – Чакар објасни дека тоа било пракса на Советот да констатира именување на нови членови на Советот, но и да констатира нивно разрешување поради истекот на времето за кое се избрани. Таа објасни дека е потребно на Заменикот на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ да се раздолжи и да се завршат разни формално-правни работи. Членот на Советот, Али Алиу рече дека според него не се потребни дискусии околу оваа формалност. Потоа членот на Советот, Столе Наумов предложи да се преформулира точката и да не стои зборот "разрешување". Членот на Советот, Бранко Радовановиќ рече дека нема ниШто спорно и дека треба да се гласа за дневниот ред каков што е предложен. Потоа членовите на Советот гласаа за предложениот дневен ред, при што
Членот на Советот, Томе Груевски гласаше против предложениот дневен ред. Другите членови на Советот гласаа "за" и за седницата беше утврден следниот:

### Д н е в е н   р е д

1. Констатирање на разрешувањето на Заменикот на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, поради истекот на времето за кое е избран.

**Точка 1**

Најпрво, Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски му се заблагодари на Илир Ајдини за сé што направи за Советот за радиодифузија како негов заменик. Потоа членот на Советот, Бранко Радовановиќ истакна дека му било задоволство да работи со Илир Ајдини, како Заменик на Претседателот на Советот. Членот на Советот, Столе Наумов, исто така ги истакна добрите односи со Ајдини и предложи во иднина Советот да ги повикува еднаш годишно сите претходни членови на Советот и да се користи советодавно нивното искуство од областа на радиодифузијата. Тој предложи наместо зборот "разрешување", да стојат зборовите "престанување на

мандатот". Членовите на Советот гласаа за терминот "разрешување" да остане во предложената точка на дневниот ред, при што сите членови гласаа "за", освен Столе Наумов, кој беше воздржан.

Потоа, Советот за радиодифузија на РМ го констатираше разрешувањето на Заменикот на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, Илир Ајдини, поради истекот на времето за кое е избран. Советот донесе одлука Илир Ајдини да се избрише од овластени лица за располагање со средства (потписници) во Комерцијална банка А.Д. Скопје. Советот донесе одлука Илир Ајдини да се избрише од овластени лица (потписници) во пријавата РДО која се доставува до Управата за јавни приходи за овластени лица. Советот донесе одлука Илир Ајдини да се избрише од потписниот картон на Алфа банка А.Д. Скопје со барање за промена на овластување за лица кои ќе располагаат со средствата на девизната сметка и да се направи промена на потписничкиот картон .Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви горенаведените Одлуки.

На крајот на седницата, Илир Ајдини им се заблагодари на сите пријатели од Советот за радиодифузија за убавите зборови и за соработката во изминатите години.

**<u>I-во продолжение на 7-та седница одржано на 20.04.2010</u>**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, акад. Али Алиу, Столе Наумов, Панче Наумов, Бранко Радовановиќ и Фарук Омерагиќ.

**Отсутни:** акад. Бојан Шоптрајанов и проф. д-р Томе Груевски.

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар и Огнен Неделковски.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, при што за првото продолжение на 7-та седница беше утврден следниот:

## Д н е в е н  р е д

1. Избор на нов Заменик на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ.

**Точка 1**

Во врска со Изборот на нов Заменик на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ, Советот донесе одлука да го избере Фарук Омерагиќ за Заменик на Претседателот на Советот за радиодифузија на РМ. Советот донесе одлука Фарук Омерагиќ да се впише во овластени лица за располагање со средства (потписници) во Комерцијална банка А.Д. Скопје. Советот донесе одлука Фарук Омерагиќ да се впише во овластени лица (потписници) во пријавата РДО која се доставува до Управата за јавни приходи за овластени лица. Советот донесе одлука Фарук Омерагиќ да се впише во потписниот картон на Алфа банка А.Д. Скопје со барање за промена на овластување за лица кои ќе располагаат со средствата на девизната сметка и да се направи промена на потписничкиот картон. Потписникот Зоран Стефаноски останува потписник во Комерцијална банка, во пријавата РДО која се доставува до Управата за јавни приходи за овластени лица и во Алфа банка А.Д. Скопје.Потписниците Зоран Стефаноски и Фарук Омерагиќ можат поединечно да потпишуваат за располагање со средствата во сите горенаведени институции. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви горенаведените Одлуки.

**Бр. 02-1158/4**
**01.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Огнен НЕДЕЛКОВСКИ**